**Записник од Годишното собрание на МНЗА**
**(за периодот декември 2022 година-декември 2023 година)**

Годишното собрание на МНЗА се одржа на 22.12.2023 година, во салата за седници на Филозофскиот факултет, при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје. На годишното собрание присуствуваа: проф. д-р Владимир Трајковски, Весна Филиповска, м-р Фики Гаспар, м-р Андреа Ивановска, м-р Ирена Стојановска, м-р Ивана Василева Петровска, проф. Зоран Киткањ, Теа Петрушева, Живка Димитровска, Стојан Андонов, м-р Мери Нолчева, Адријана Куковска, Виолета Куновска, Емилија Трампевска и Амела Мемиш Апостоловска. Оправдано отсуство најавија м-р Тања Станкова- Папиќ, м-р Славица Тодорова, м-р Розалија Бошковски, д-р Весна Костиќ Ивановиќ, проф. д-р Дејан Трајков и проф. д-р Владимир Илиевски

Годишното собрание официјално започна во 13:30 ч. со следниот:

**Дневен ред**

1. **Усвојување на записникот од годишното собрание за 2022 година**

Претседателот на МНЗА проф. д-р Владимир Трајковски го презентираше записникот од последното одржано годишно собрание за 2022 година, воедно ги потсети членовите дека истиот го добија на нивните маил адреси. Потоа членовите беа повикани да гласаат за усвојување на истиот. По гласањето, записникот едногласно беше усвоен од присутните.

2. **Прием на нови членови во МНЗА**

Во однос на втората точка претседателот објави дека оваа година има добиено три пристапници за членство, но само една од нив е присутна, па ја повика да се претстави- да каже нешто за себе си и причината зошто се зачленува во МНЗА. Амела Мемиш Апостоловска истакнаа дека главна причина за нејзиното зачленување во здружението е тоа што има дете со аутизам (Аспергер нарушување), а по вокација е психолог и во текот на своето работење се сретнуваат со деца со аутизам. По нејзиното претставување, членството едногласно ја прифати и изгласа пристапницата, па со тоа Амела Мемиш Апостоловска стана член на здружението. Во однос на отсутните лица кои доставиле пристапница, а не се присутни на собранието, претстедателот посочи дека ќе се изгласаат на следното собрание, бидејќи не е коректно да не се претстават. На ова се надоврза проф. Киткањ кој истакна дека можеби се оправдано отсутни, односно оневозможени да дојдат, но штом доставиле навремено пристапница несомнено сакаат да станат членови на ова здружение и би требало да добијат позитивен одговор на денешното собрание, а да се претстават во следна прилика. По кометарите на присутните членови, претстедателот донесе одлука сепак да бидат прифатени за членови на МНЗА во следна прилика.

3. **Извештај за работата на МНЗА од 2023 година**

Претседателот ја прогласи 2023 година како доста успешна и продуктивна за МНЗА, исполнета со многу активности и проекти. Оваа година особено беше одбележана со многу

вебинари одржани од членовите на МНЗА, но и од бројни еминентни имиња од полето на аутизмологијата.

Воедно ги повика и охрабри сите присутни доколку сакаат да пишуваат трудови или да конкурираат со проекти во невладини организации и општини. Потоа сите активности од страна на претседателот беа презентирани по хронолошки редослед (прилог Извештај за работа на МНЗА-период декември 2022 година-декември 2023 година).

Во оваа точка претстедателот изрази благодарност до сите кои учествуваа во активностите и проектите. По презентирањето на извештајот, тој беше едногласно усвоен од сите присутни.

**4. Финансиски извештај за 2022 - 2023 година**

Четвртата точка се однесуваше на Финансискиот извештај за 2023 година, кој беше презентиран од страна на секретарот Весна Филиповска, која истакна дека целокупните пресметки се направени од страна на сметководителите со кои МНЗА соработува. По презентирањето на извештајот, проф. Киткањ ја поздрави транспарентноста на МНЗА, односно поставувањето на овој извештај на веб сајтот на здружението, истакнувајќи дека ретко која организација јавно ги истакнува приходите и користењето на финансиските средства со кои располага.

Финансискиот извештај беше ставен на гласање, а по гласањето истиот беше усвоен од страна на присутните. Во оваа точка се произнесе и претседателот кој истакна дека сака да потенцираа дека сите хонорари се одработени од учесниците во проектот и дека сите финансии со кои располага здружението се користат доследно и соодветно без никаква злоупотреба.

**5. Програма за работа на МНЗА во 2024 година**

Претседателот ја повика м-р Андреа Ивановска да ја претстави програмата за работата на здружението во текот на 2024 година.

Во текот на 2024 година Македонското научно здружение за аутизам планира да изведе повеќе активности како што се финализација на започнатите проекти, одбележување на светскиот ден на аутизам, вклучување на повеќе членови во здружението и редовно одржување на веб сајтот и социјалните мрежи (Прилог Програма за работа на МНЗА 2024 година). По завршувањето на презентацијата на програмата, таа беше ставена на гласање и едногласно беше усвоена од присутните.

**6. Разрешување на потпретседателката на МНЗА, м-р Ивана Василевска Петровска поради формирање на сопствено здружение за аутизам**

Во однос на оваа точка, претстедателот најпрвин сакаше да ги запознае членовите со недоразбирањата помеѓу него и потпретседателката, кои започнаа уште пред две години, кога од нејзина страна беше формирано здружение за аутизам – Аутизам институт. Тој истакна дека и покрај неговите јасни барања, секој кој што има висока позиција во МНЗА да нема свое здружение со таа дејност – сепак потпретседателката формира здружение кое е со иста цел и насока на работење. Токму поради тоа започнуваат проблемите во функционирањето, соработката и воедно комуикацијата помеѓу претседателот и потпретседателот, па затоа тој бара промена/оставка на м-р Василевска Петровска од својата функција. Следна за збор се јави м-р Ивана Василевска Петровска која истака дека на ова собрание иако не е уредно поканета за разлика од останатите членови, првенствено е дојдена

да го чуе предавањето од Алексадар Савевски,  но исто така да се чуе и нејзината страна во целата оваа ситуација. Имено, таа истакна дека повеќето членови во здружението имаат формирано свои здруженија и кабинети па МНЗА соработува со нив и дозволува да бидат дел од управниот одбор. Исто така истакна дека ова не е новонастаната ситуација, дека нејзиното здружение постои веќе две години, во кои таа активно работи за МНЗА, и не и е јасно зошто токму сега е истакнато како проблем, а две години се молчи од страна на претседателот. На прашањето зошто ја имала потребата да создаде свое здружение, таа истакна дека во МНЗА честопати не можела во целост да ги реализира своите идеи, токму поради отпорот на претстедателот. Претседателот недвосмислено ги отфрли обвинувањата на м-р Василевска Петровска дека не била поканета и укажа дека не е можно таму да биде претседател, а овде потпретседател и дека тоа се коси со сите морални норми и принципи. На ова се надоврза и секретарот на МНЗА која истакна дека соработката со Ивана до сега е беспрекорна и смета дека здружението на м-р Василевска Петровска барем за неа не се покажало како проблем поради кој таа би требало да се смени од својата функција. На ова се надворза претседателот на МНЗА кој истакна дека неговите ставови се јасни и дека веќе постојат нарушени меѓуодноси со потпретседателката кои бараат нејзино тргнување од позицијата, а секако можностите за соработка со нејзиното здружение остануваат отворени. М-р Фики Гаспар, истакна дека соработката секогаш била коректна и плодна со Ивана, но тој не гледа како би продолжила нејзината функција како потпретседател на МНЗА, со оглед на нејзиното посветување првенствено кон своето здружение. Последна за збор во оваа точка повторно се јави потпретседателката, која истакна дека не би сакала да ги става во незгодна позиција останатите членови со кои има одлична соработка, а воедно и не сака повеќе да ја има функцијата потпретседател во МНЗА, па поради тоа самостојно си дава оставка. Со ова, потпретседателката е сменета од оваа функција, а со тоа точката е завршена.

7. **„Визуелна стимулација – Оптимизација на развојот кај деца со АСН по усвојување на вештината око – рака преку разбирање на разликите од периферен вид и типичен вид, симулирани преку аналогни математички модели“ Александар Савевски**

Во оваа точка кратка презентација имаше Александар Савевски, родител на дете со аутизам, запознавајќи ги присутните со добиените резултати од неговото истражување/работа. По краткото излагање и плодната дискусија претседателот му се заблагодари за корисните информации и направената презентација со која се збогати агендата на ова собрание.

Со оглед на тоа што никој од присутните немаше дополнително забелешка/коментар, Годишното собрание беше завршено со упатување на честитки за среќни празници, повеќе здравје и надеж за уште поплодна соработка во новата 2024 година. Годишното собрание заврши во 15:15 часот.

**Датум**
25.12.2023 година

**Записникот го подготви**
Весна Филиповска